METAMORPHOSIS

Foundation for Internet and Society

Фондација Метаморфозис - Скопје
Foundation Metamorphosis - Skopje
Бр. 01-85/3
31.12 20 18 год.
СКОПЈЕ

**Политика на интегритет**

Врз основа на Кодексот на однесување на „Метаморфозис“, Управниот одбор на Фондацијата ја усвои оваа политика на интегритет која почива на следниве принципи:

# ИНТЕГРИТЕТ

## 1. Непрофитна

*a. НЕ-ЗА-ПРОФИТ*

Фондацијата „Метаморфозис“ е организирана и работи како организација не-за-профит. Секој вишок кој е создаден преку своето работење ќе се користи само за да ѝ се помогне на Фондацијата да ја исполни својата мисија и цели. Ниту еден дел од нето заработката на Фондацијата нема да служи за корист на членовите на Управниот одбор, директорите, членовите или вработените на Фондацијата или кои било други приватни лица. Сепак, ваквата заработка може да се искористи за разумна компензација за услуги кои се дадени на Фондацијата.

*b. ТРГОВИЈА ИЛИ БИЗНИС*

Примарна цел на Фондацијата „Метаморфозис“ нема да биде водење трговија или бизнис, неповрзани со својата мисија и наведените цели.

*c. ИНСТРУМЕНТ НА ВЛАДЕЕЊЕ*

Управниот одбор на „Метаморфозис“ ќе ја спречи Фондацијата од дистрибуција на профити или средства за корист на индивидуи и за време на работењето и при затворање.

## 2. Невладина

*a. НЕВЛАДИНА*

Фондацијата „Метаморфозис“ не е дел, ниту е контролирана, од влада или меѓувладина агенција.

*b. ПОЛИТИЧКИ НЕЗАВИСНА*

Како непартиска невладина организација, Фондацијата „Метаморфозис“ ќе одржува независност и нема да биде поврзувана или припојувана кон која било политичка партија, но може да дели заедничка политичка или законодавна кауза во рамките на границите на својата мисија, наведените цели и правна структура.

Напорите за застапување на „Метаморфозис“ може да вклучат непартиски активности поврзани со избори. Но, нејзините ресурси не може да се користат за партиски политички активности, вклучително и поддржување или спротивставување на политичка партија или организација и поддржување или спротивставување на кандидати за јавна функција.

*c. НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА*

Фондацијата „Метаморфозис“ нема да делува како инструмент на владина надворешна политика, туку ќе делува независно од владите. Фондацијата нема да има за цел да спроведува политика на која било влада, освен ако истата не се совпаѓа со мисијата на Фондацијата или со сопствената независна политика на Фондацијата.

## 3. Организирана

„Метаморфозис“ ги спроведува своите активности во согласност со својот статут, овој документ и правната и институционалната рамка на Македонија и земјите во кои работи.

## 2. Документи на организацијата

- Мисија
- Статут на Фондацијата „Метаморфозис“ (подзаконски акти)
- Организациска структура на Фондацијата

## 3. Правни признанија

„Метаморфозис“ е невладина организација - Фондација, регистрирана според Законот за здруженија и фондации на Република Македонија.

## 4. Независна и самостојно управувана

*a. НЕЗАВИСНА*

Фондацијата „Метаморфозис“ е независна. Нејзините политики, визија и активности не се утврдени од ниту една профитна корпорација, донатор, влада, владин функционер, политичка партија или друга невладина организација.

*b. САМОСТОЈНО УПРАВУВАНА*

Фондацијата „Метаморфозис“ е автономна во своето управување согласно својот Статут и е опремена за контрола на сопствените активности.

## 5. Волонтерски акции

*ПРИДОНЕСИ ОД ВОЛОНТЕРИ*

За да ја оствари својата мисија и цели, Фондацијата ќе има значајни придонеси од волонтери. Тука може да спаѓаат и целни групи и поддржувачи.